ФЗОРСМ
FSSHRMV

Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
FONDI PËR SIGURIM SHËNDETËSOR I
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр./Nr. 08-16001/2
-9-11-2022 20 год./viti
СКОПЈЕ/SHKUP

# ИЗВЕШТАЈ

## ОД ИЗВРШЕНА ВОНРЕДНА КОНТРОЛА ВО
## ЈЗУ УК ЗА ПСИХИЈАТРИЈА - СКОПЈЕ

Ноември, 2022 година

# И З В Е Ш Т А Ј

## ОД ИЗВРШЕНА ВОНРЕДНА КОНТРОЛА НА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈЗУ УК ЗА ПСИХИЈАТРИЈА - СКОПЈЕ

**за контрола на начин на пресметка и исплата на плати на медицинскиот директор за периодот од месец јануари до месец септември 2022 година**

Контролата е извршена согласно член 54, точка 12 и 13 и членовите 68 и 71 од Законот за здравствено осигурување, како и одредбите од Договорот за уредување на меѓусебните односи на здравствените установи со Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст Фондот), од страна на овластените финансиски контролори од Фондот, м – р Бедри Мемети и Цвете Јовановска.

Контролата е извршена на ден 07.11.2022 година, по налог за Вонредна контрола број 08-16001/1 од 28.10.2022 година.

### 1. Основни податоци за раководството и овластените лица од установата:

| Менаџмент | Име и презиме | Статус | Назначен од |
|---|---|---|---|
| Медицински директор | проф. д-р Стојан Бјрактаров | Директор | Менаџерски договор бр.17-1763/1 од 12.02.2020 година |
| Организациски директор | Љубиша Новотни | Директор | Решение бр.11-2307/1 од 16.03.2022 година |

За периодот кој е предмет на контрола со Решение од Министерот за здравство, број 11-2307/1 од 16.03.2022 година, за именување вршител на должност организациски директор во Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за психијатрија – Скопје, се именува Љубиша Новотни.

Овластено лице од установата задолжено за доставување на информации во текот на контролата:
Име и презиме: Ѓорги Георгиевски
Функција: Раководител на служба за финансиски и сметковотствени работи
Име и презиме: Ивана Вукашиновска
Функција: Благајник
Име и презиме: Илија Здравески
Функција: Раководител на службата за правни и административни работи
Име и презиме: Дарко Димовски
Функција: Главен медицински техничар
Име и презиме: Катерина Велкова
Функција: Секретар

Телефон за контакт: 02 3 214 174 (фиксен телефон во установата)

### 1.1. Контрола на плата на медицински директор

По Овластување број 17-5999/1 од 30.07.2019 година, издадено од Министерот за здравство, медицинскиот директорот на ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија – Скопје, има потпишано Анекс за изменување и дополнување на Поединечниот Колективен договор со Самостојниот синдикат на вработени во Универзитетските клиники, центри, клинички болници и други јавни здравствени установи во Република Македонија, заверен со архивски број 03-84/1 од 07.02.2019 година во ЈЗУ.

По Овластување број 17-110/1 од 02.01.2020 година, издадено од Министерот за здравство, медицинскиот директорот на ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија – Скопје, има потпишано Анекс за изменување и дополнување на Поединечниот Колективен договор со Самостојниот синдикат на вработени во Универзитетските клиники, центри, клинички болници и други јавни здравствени установи во Република Македонија, заверен со архивски број 03-15/1 од 02.01.2020 година во ЈЗУ.

По Овластување број 17-1665/1 од 12.02.2020 година, издадено од Министерот за здравство, медицинскиот директорот на ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија – Скопје, има потпишано Анекс за изменување и дополнување на Поединечниот Колективен договор со Самостојниот синдикат на вработени во Универзитетските клиники, центри, клинички болници и други јавни здравствени установи во Република Македонија, заверен со архивски број 03-75/1 од 12.02.2020 година во ЈЗУ.

ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија - Скопје нема добиено Согласност од министерот за здравство за воведување дежурства за доктори.

Извршен е увид во исплатните листи за плата на медицинскиот и организацискиот директор во ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија – Скопје за период од јануари до септември 2022 година.

1. **Медицински директор на ЈЗУ**

| **Вредност на бод 14.090 денари** | јануари | февр. | март | април | мај | јуни | јули | август | септ. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број на ефективни часови** | 147 | 140 | 161 | 147 | 154 | 154 | 147 | 161 | 154 |
| коефициент на сложеност: | 8,070 | 8,070 | 8,070 | 8,070 | 8,070 | 8,070 | 8,070 | 8,070 | 8,070 |
| минат труд (%): | 19 год. | 19 год. | 19 год. | 20 год. | 20 год. | 20 год. | 20 год. | 20 год. | 20 год. |
| додаток по основ на раководење: | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| додаток по основ на услови за работа ( % ): | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| прекувремена работа ( % ): | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Вкупен број пресметани и исплатени часови во прекувремена работа | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| додаток за ноќна работа (%) | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Вкупен број пресметани и иплатени часови за ноќна работа | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| додаток во смени (%) | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Вкупен број пресметани и иплатени часови во смени | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| додаток во орг.единица за ИМП (%) | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Вкупен број пресметани и иплатени часови во орг.единица за ИМП | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| додаток за обично дежурство во хирургија/други гранки ( % ): | 116% | 116% | 116% | 116% | 116% | 116% | 116% | 116% | 116% |
| Вкупен број пресметани и исплатени часови обично дежурство | 8 часа | 16 часа | 8 часа | 16 часа | 16 часа | 8 часа | 16 часа | 16 часа | 8 часа |
| додаток дежурство во викенд и празник во хирургија/други гранки ( % ): | 155% | 155% | 155% | 155% | 155% | 155% | 155% | 155% | 155% |
| Вкупен број пресметани и иплатени часови дежурство во викенд и празник | 16 часа | 16 часа | 32 часа | 32 часа | 32 часа | 16 часа | 16 часа | 16 часа | 16 часа |
| додаток без остварен повик и ангажирање ( % ): | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Вкупен број пресметани и иплатени часови без остварен повик | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| додаток за остварен повик и ангажирање ( % ): | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Вкупен број пресметани и иплатени часови за остварен повик | - | - | - | - | - | - | - | - | - |

Во Решение број 04-88/19 од 17.02.2020 година, е нотирано дека директорот доц. д-р Стојан Бајрактаров на ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија – Скопје, донел Решение на доц. д-р Стојан Бајрактаров со кое му се утврдува плата од вкупно 8,070 коефициент на сложеност.
Решение број 04-88/19 од 17.02.2020 година, за директорот доц. д-р Стојан Бајрактаров не е донесено и потпишано од претседателот на Управниот Одбор на ЈЗУ.

Утврдениот коефициент на сложеност е во согласнот со Анексот за изменување и дополнување на Колективен договор за здравствена дејност на Република Македонија, објавен во Службен весник на РМ, број 32 од 10.02.2020 година.

Од доставените исплатните листи за плата на медицинскиот директор во ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија – Скопје за период од јануари до септември 2022 година, контролата констатира:

- основната плата се пресметува согласно утврдениот коефициент на сложеност во Решение број 04-88/19 од 17.02.2020 година;
- се пресметува додаток на основната плата за секоја година работен стаж од 0,5 %;
- вредноста на бодот е 14.090 денари, согласно Спогодбата за утврдување на најниската плата за најнизок степен на сложеност и за начинот на пресметување и исплата на платите во здравствената дејност, објавена во Службен весник 302 од 30.12.2021 година;
- се пресметува и исплаќа додаток за дежурство во редовни работни денови (од понеделник до петок) за интернистички гранки од 116 % за 8 часа;
- се пресметува и исплаќа додаток за дежурство во викенд и празник за интернистички гранки од 155 % за 16 часа;

ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија – Скопје нема добиено Согласност од министерот за здравство за воведување дежурстава за доктори.

Од страна на благајникот кој ја изработува платата во ЈЗУ, на контролата и се доставени Извештаи за дежурства на доктори за месеците предмет на контролата. Во доставените Извештаи се наведени докторите кои обавуваат дежурства, колони за обично дежурство, дежуство во сабота, дежурство во недела и колона за дежурство во празник. Во зависност од дежуството се евидентираат дати и часови на дежурство.
Доставените Извештаите за дежурства на доктори за месеците предмет на контролата не се заверени и не се потпишани од лицето кое ги изготвило и лицето кое ги одобрило.

На контролата и е укажано дека Извештаите за дежурства на доктори се изработуваат по доставени месечни Распореди за сменска работа на докторите, во кои се наведени докторите со месечен распоред.
Доставените Распореди за сменска работа на докторите за месеците предмет на контролата не се заверени и не се потпишани од лицето кое ги изготвило и лицето кое ги одобрило.

За обично дежурство во работен ден и дежурство во викенд и празник на контролата од страна на главниот медицински техничар и е презентирана евиденција за дежурства во Рапортни тетратки, кои ги изработуваат и потпишуваат дежурните медицинските сестри, во кои се евидентира и дежурниот доктор, со наведена дата за кои се однесува изготвениот Рапорт.

Од увидот во Распореди за сменска работа на докторите, Извештаите за дежурства на доктори и изготвените Рапорти, се констатира:

За месец јануари 2022 година во Распоредот за сменска работа и Извештајот за дежурства на доктори, за медицинскиот директор е евидентирано дежурство во викенд на 09.01.2022 година. Во Рапортот од 09.01.2022 година е евидентиран друг дежурен доктор.
Дежурниот доктор евидентиран во Рапортот од 09.01.2022 година, во Распоредот за сменска работа и Извештајот за дежурства има нотирано дежурство на 08.01.2022 година.
На контролата и е презентиран Рапортот од 08.01.2022 година во кој е нотирано дека дежурен доктор бил медицинскиот директор.
На контролата и е презентиран Рапортот од 30.01.2022 година во кој е нотирано дека дежурен доктор бил медицинскиот директор, а во Распоредот за сменска работа и Извештајот за дежурства на доктори, за медицинскиот директор на 30.01.2022 година, нема евидентирано дежурство.

Во исплатната листа за месец јануари на медицинскиот директор не му е исплатен додаток за дежурство во викенд од 155 % за 16 часа за дежурство на 30.01.2022 година.

За месец февруари 2022 година во Распоредот за сменска работа и Извештајот за дежурства на доктори, за медицинскиот директор е евидентирано дежурство во викенд на 19.02.2022 година. Во Рапортот од 19.02.2022 година е евидентиран друг дежурен доктор.
Во исплатната листа за месец февруари на медицинскиот директор му е исплатен додаток за работа во викенд од 155 % за 16 часа за дежурство на 19.02.2022 година.
За дежурниот доктор наведен во Рапортот за 19.02.2022 година, во Распоредот за сменска работа и Извештајот за дежурства на доктори за месец февруари 2022 година нема евидентирано дежурство на 19.02.2022 година.
На контролата и е презентиран Рапортот од 20.02.2022 година во кој е нотирано дека дежурен доктор бил истиот дежурен доктор од Рапортот од 19.02.2022 година.
По доставениот Распоредот за сменска работа и Извештајот за дежурства на доктори, дежурниот доктор од Рапортот од 20.02.2022 година, е евидентиран како доктор за дежурство на 20.02.2022 година.
Контролата е информирана од страна на ЈЗУ, дека по распоредот за дежурства за месец февруари 2022 година, за дежурството на 19.02.2022 година е исплатен додаток за дежурство на медицинскиот директор. Додека надоместокот за дежурство за ден 30.01.2022 година каде што дежурал медицинскиот директор е исплатено на дежурниот доктор од 19.02.2022 година.

За месец април 2022 година во Распоредот за сменска работа и Извештајот за дежурства на доктори, за медицинскиот директор е евидентирано дежурство во работен ден (од понеделник до петок) на 06.04.2022 година. Во Рапортот од 06.04.2022 година е евидентиран друг дежурен доктор.
Во исплатната листа за месец април на медицинскиот директор му е исплатен додаток за дежурство во работен ден (од понеделник до петок) од 116 % за 8 часа за дежурство на 06.04.2022 година.
За дежурниот доктор наведен во Рапортот од 06.04.2022 година, во Распоредот за сменска работа и Извештајот за дежурства на доктори за месец април 2022 година има евидентирано дежурство на 06.04.2022 година.

За месец мај 2022 година во Распоредот за сменска работа за медицинскиот директор на ЈЗУ има нотирано дежурство во работен ден (од понеделник до петок) на 27.05.2022 година. Во Рапортот од 27.05.2022 година е евидентиран друг дежурен доктор.
Во исплатната листа за месец мај на медицинскиот директор не му е исплатен додаток за дежурство во работен ден (од понеделник до петок) од 116 % за 8 часа за дежурство на 27.05.2022 година.
За дежурниот доктор наведен во Рапортот од 27.05.2022 година, во Распоредот за сменска работа и Извештајот за дежурства на доктори за месец мај 2022 година има евидентирано дежурство на 27.05.2022 година.

За месец јуни 2022 година во Распоредот за сменска работа и Извештајот за дежурства на доктори, за медицинскиот директор е евидентирано дежурство во работен ден (од понеделник до петок) на 06.06.2022 година. Во Рапортот од 06.06.2022 година е евидентиран друг дежурен доктор.
Во исплатната листа за месец јуни на медицинскиот директор му е исплатен додаток за дежурство во работен ден (од понеделник до петок) од 116 % за 8 часа за дежурство за 06.06.2022 година.
За дежурниот доктор нотиран во Рапортот од 06.06.2022 година, во Распоредот за сменска работа и Извештајот за дежурства на доктори за месец јуни 2022 година има евидентирано дежурство на 06.06.2022 година.

За месец август 2022 година во Распоредот за сменска работа и Извештајот за дежурства на доктори, за медицинскиот директор е евидентирано дежурство во работен ден (од понеделник до петок) на 12.08.2022 година. Во Рапортот за 12.08.2022 година е евидентиран друг дежурен доктор.
Во исплатната листа за месец август на медицинскиот директор му е исплатен додаток за дежурство во работен ден (од понеделник до петок) од 116 % за 8 часа, за 12.08.2022 година.

За дежурниот доктор нотиран во Рапортот за 12.08.2022 година, во Распоредот за сменска работа и Извештајот за дежурства на доктори за месец август 2022 година евидентираната дата за дежурство на 12.08.2022 година е прешкртана.

За останатите дежурства во работен ден (од понеделник до петок) и дежурство во викенд и празник за медицинскиот директор, евидентирани во Распоредот за сменска работа и Извештајот за дежурства на доктори за контролираниот период, на контролата и се доставени Рапорти во кој е нотиран медицинскиот директор како дежурен доктор.

Во контролираниот период во исплатните листи нема евидентирано часови поминати на боледување.

На контролата и е доставена електронска евиденција за работно време на медицинскиот директор, во која не се евидентирани сите датуми во месеците, предмет на контрола.

За контролираниот период, од страна Раководителот на службата за правни работи, на контролата и е доставени:

- Решение број 02-142/1 од 11.04.2022, потпишано од организацискиот директор, со кое на медицинскиот директор му се утврдуваат 26 работни дена годишен одмор. Во Решението е нотирано дека именуваниот ќе го користи во период од 12.04 до 18.04.2022 година – прв дел.
- Решение број 02-244/1 од 22.07.2022, потпишано од организацискиот директор, со кое на медицинскиот директор му се утврдуваат 26 работни дена годишен одмор. Во Решението е нотирано дека именуваниот ќе го користи во период од 25.07 до 08.08.2022 година – втор дел.

За месеците предмет на контролата, кај датумите наведени во Решенијата за утврдување годишен одмор, нема совпаѓање со датумите евидентирани во Распоредот за сменска работа за медицинскиот директор

На контролата не и се презентирани Одлуки и налози за службен патувања на медицинскиот директор за месеците предмет на контролата.

## 2. Организациски директор на ЈЗУ

За периодот кој е предмет на контрола со Решение од Министерство за здравство, број 11-2307/1 од 16.03.2022 година, за именување вршител на должност организациски директор во Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за психијатрија – Скопје, се именува Љубиша Новотни.

Контролата е информирана дека за организацискиот директор, сеуште нема доставено Менаџерски договор во ЈЗУ.

| Вредност на бод 14.090 денари | јануари | февр. | март | април | мај | јуни | јули | август | септ. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број на ефективни часови** | - | - | 184 | 168 | 176 | 176 | 168 | 184 | 176 |
| коефициент на сложеност: | - | - | 3,857 | 8,070 | 8,070 | 8,070 | 8,070 | 8,070 | 8,070 |
| минат труд (%): | - | - | 7 год. | 7 год. | 7 год. | 7 год. | 7 год. | 7 год. | 7 год. |
| додаток по основ на раководење: | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| додаток по основ на услови за работа ( % ): | - | - | 2,5 %* | - | - | - | - | - | - |
| прекувремена работа ( % ): | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Вкупен број пресметани и исплатени часови во прекувремена работа | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| додаток за ноќна работа (%) | - | - | - | - | - | - | - | - | - |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупен број пресметани и иплатени часови за ноќна работа | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| додаток во смени (%) | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Вкупен број пресметани и иплатени часови во смени | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| додаток во орг.единица за ИМП (%) | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Вкупен број пресметани и иплатени часови во орг.единица за ИМП | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| додаток за обично дежурство во хирургија/други гранки ( % ): | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Вкупен број пресметани и исплатени часови обично дежурство | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| додаток дежурство во викенд и празник во хирургија/други гранки ( % ): | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Вкупен број пресметани и иплатени часови дежурство во викенд и празник | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| додаток без остварен повик и ангажирање ( % ): | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Вкупен број пресметани и иплатени часови без остварен повик | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| додаток за остварен повик и ангажирање ( % ): | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Вкупен број пресметани и иплатени часови за остварен повик | - | - | - | - | - | - | - | - | - |

*Во исплатната листа за месец март 2022 година, додаток по основ на услови за работа, се пресметани и исплатени за месец март 2022 година.

За организацискиот директор на Универзитетска клиника за психијатрија – Скопје, Љубиша Новотни, медицинскиот директор има донесено Решение број 04-140/1 од 11.04.2022 година, потпишано од страна на медицинскиот директор на ЈЗУ, во кое му се утврдува коефициент на сложеност 8,070. Решение број 04-140/1 од 11.04.2022 година за организацискиот директор на Универзитетска клиника за психијатрија, не е донесено и потпишано од претседателот на Управниот Одбор на ЈЗУ.

Утврдениот коефициент на сложеност не е во согласнот со Анексот за изменување и дополнување на Колективен договор за здравствена дејност на Република Македонија, објавен во Службен весник на РМ, број 32 од 07.02.2019 година.

Во Анексот за изменување и дополнување на Колективен договор за здравствена дејност на Република Македонија, објавен во Службен весник на РМ, број 32 од 07.02.2019 година. член 73 – а е наведено:
,,На организациските директори на јавните здравствени установи им се утврдува плата во вкупен коефициент :

- клинички болници, универзитетски институти и универзитетски клиники – 6,379 .''

Од доставените исплатните листи за плата на организацискиот директор во Универзитетска клиника за психијатрија – Скопје за период од 16.03.2022 година до септември 2022 година, контролата констатира:

- основната плата се пресметува по коефициент на сложеност кој не е во согласнот со Анексот за изменување и дополнување на Колективен договор за здравствена дејност на Република Македонија, објавен во Службен весник на РМ, број 32 од 07.02.2019 година.
- се пресметува додаток на основната плата за секоја година работен стаж од 0,5 %;
- вредноста на бодот е 14.090 денари, согласно Спогодбата за утврдување на најниската плата за најнизок степен на сложеност и за начинот на пресметување и исплата на платите во здравствената дејност, објавена во Службен весник 302 од 30.12.2021 година.

Напомена:

- начинот на пресметка на основната плата и минат труд се исправни, меѓутоа како основица се зема коефициент на сложеност кој според Колективниот договор за здравствена дејност на РМ, е определен за медицински директор на Универзитетски клинички, а не за организациски директор на Универзитетска клиника (6,379).

Во контролираниот период во исплатните листи нема евидентирано часови поминати на боледување.

На контролата не и е доставено Решение за годишен одмор на организациониот директор за контролираниот период.

На контролата и е доставена електронска евиденција за работно време на организацискиот директор, од 16.03.2022 година, во која не се евидентирани сите датуми во месеците, предмет на контрола.

На контролата не и се презентирани Одлуки и налози за службен патувања на медицинскиот директор за месеците предмет на контролата.

***Забелешка:***
Во рок од 8 (осум) дена од приемот на Извештајот ЈЗУ има право на Приговор по истиот до Одделението за буџетска и финансиска контрола во рамките на Сектор за финансиски прашања при ФЗОРСМ.

**Скопје,**
**08.11.2022 година**

**Финансиски контролори:**

м-р Бедри Мемети

Цвете Јовановска

Директор на сектор за финансиски прашања

Миле Сугарев